РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство
Бр. 02-460/1
13.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член од Статутот на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, деканот на Факултетот ја донесе следната

# ОДЛУКА

за распишување избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство- Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 9 (девет) членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Член 2

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат на 13.4.2023 година (четврток), во период од 10-14 часот преку електронскиот систем на Факултетот.

Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерството Скопје во следниот состав:

1. д-р Мирослав Мирчев, вонреден професор, член
2. д-р Петре Ламески, вонреден професор, претседател
3. Три студенти предложени од ФСС ФИНКИ

Факултетското студентско собрание на ФИНКИ во рок од 10 дена да именува 3-ца студенти кои ќе бидат членови на изборната комисија.

Член 4

Кандидатите за членови во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Право да избираат и да бидат избрани имаат сите студенти кои се запишани на студии во академската 2022/2023 година во зимски семестар.

Лицата кои се кандидирани треба да достават изјава за согласност за кандидирање до архивата на факултетот.(најдоцна до 3.04.2023 година)

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Собирите на студенти по години ќе се спроведат во термини кои ќе бидат дополнително договорени, но најкасно 10 дена пред одржување на изборите. (до 3.04.2023 година)

Факултетското студентско собрание да ја спроведе постапката од став 1 од овој член во рок од 15 дена по доставување на истата.

Член 5

Факултетско студентско собрание го сочинуваат претставници на студентите избирани по студиски програми и тоа:
- Од најголемата студиска програма 3 претставника,
- Од втората по големина студиска програма 2 претставника,
- Од останатите студиски програми по 1 претставник (доколку некоја студиска програма нема 500 студенти тогаш се групираат).

- Од втор и трет циклус студии 1 претставник
Односно
- три претставници од насоките Примена на информатички технологии односно Примена на е-технологии;
-два претставници од насоките Софтверско инженерство, Software engineering and information systems односно Компјутерски науки и инженерство, Computer Science and Engineering;;
- еден претставник од насоките Компјутерски науки, Компјутерска едукација односно Академски студии по информатика;
- еден претставник од насоките Компјутерско инженерство и односно Информатика и компјутерско
инженерство;
- еден претставник од насоките Интернет и мрежна безбедност односно Мрежни технологии;
- еден претставник од втор циклус студии односно трет циклус студии.

Член 6

Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 50 редовни студенти од Факултетот.

За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот со положени задолжителни предмети заклучно со предметите од трет семестар, да има повеќе од 90 ЕКТС и не му е изречена дисциплинска мерка од страна на дисциплинската комисија на Факултетот

Кандидатурата со пријава и заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 3.4.2020 година до Изборната комисија преку архива на Факултетот или електронски на arhiva@finki.ukim.mk .

Член 7

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за членови на Факултетското студентско собрание и за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство и Статутот на факултетско студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје .

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, утврдува образец на записник, начин на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на веб страната на факултетот, на огласна табла на факултетот и да се достави електронски до сите студенти.

Декан
Проф. д-р Боро Јакимовски

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје